# Проект: Зајакнувањенаопштинскитесовети

## НАРАТИВЕНИЗВЕШТАЈ
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТЕН ФОРУМ

| | |
|---|---|
| **Општина:** | Крива Паланка |
| **Име на координатор:** | Сашко Додевски |
| **Модератор/ко-модератор:** | Саша Максимовски / Лидија Митовска |
| **Период на известување:** | 24.02.2023-05.05.2023 |
| **Датум на извештај:** | 22.05.2023 г. |

*Забелешка:*

*Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период.*

## ПОСТИГНУВАЊА

*Дадете кратки информации – резиме заглавните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување:*

1. ***Форумски сесии***

*- број на одржани сесии*
*- број на присутни учесници и нивна структура (етничка и родовазастапеност)*
*- број на предлози на граѓани, број на прифатени предлози од страна на општината*

Во рамки на проектниот форум одржан во општина Крива Паланка беа одржани 4 сесии ( прилог : Дневен ред од сесија 1, 2, 3 и 4. )
24.02.2023г.
10.03.2023г.
31.03.2023г.
05.05.2023г., сите сесии беа одржани со почеток од 12:30 часот во просториите на Салата на советот на општина Крива Планка.
За организирање на форумските сесии беше формирана оперативна група составена од 7 члена ( табела со податоци за ОГ во прилог)

| *Форумска сесија* | *Број на предлози* | *Прифатени* | *Одбиени* |
|---|---|---|---|
| 1 ФС | 12 | 9 | 3 |
| 2 ФС | 9 | 7 | 2 |
| 3 ФС | 7 | 3 | 4 |
| 4 ФС | 3 | 1 | 2 |
| **ВКУПНО** | 31 | 20 | 11 |

2. ***Работилниции средби***

*- број на одржани работилници и средби на работните групи, број на учесници (етничка и родовазастапеност)*

Во текот на периодот за известување беа одржани вкупно 4 работилници и 11 поединечни средби/консултации.

- Работилница-I за развој на предлог концепти одржана на 03.03.2023 г. Вкупно: 22 граѓани Мажи: 4 Жени: 18
- Работилница-II за развој на предлог проекти, одржана на 15.03.2023 г. Вкупно: 15 граѓани Мажи: 4 Жени: 11

- поединечни средби со работни групи за развој на предлог проекти, вкупно 9

- Работилница-III за изработка на предлог проект и презентација, одржана на 10.04.2023 г. Вкупно: 7 граѓани Мажи: 3 Жени: 4

- поединечни средби со работни групи за изработка на предлог проекти и презентација, вкупно 3

- Работилница IV- за пополнување на образец за Апликација за проект „Подобрена спортска понуда за поголем број на туристи" изградба на ПАМП патека, одобрена од страна на форумот одржан на 05.05.2023г., одржана на 08.05.2023 Вкупно: 7 граѓани Мажи: 2 Жени: 4

## 1.АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### *1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)*

*Опишете гиподготвителнните активности за организирање на форумските сесии и форумскиот процес(избор на модератор, ко-модератор, членови на ОГ, распределба на улоги и задачи за спроведување на форумскиот процес).*

*Опишете ги користените техники на информирање и мобилизација на граѓанитеза форумските сесии и за средбите на работните/оперативната групи/-а (покани, телефон, постери, билтени, веб страна, социјални мрежи, медиуми и сл.).*

По одржаната обука во Скопје, и работниот состанок одржан преку зоом платформата за онлајн состаноци одржан на 31.01.2023 година со претставници на УНДП беше одржан состаноко со градоначалникот на општина Крива Паланка, секреарот и раководителот на одд за јавни дејности, ЛЕР и ИТ при што беа пренесени сите потребни информации за организирање на форумскиот процес, финансирање и реализација на проект и составување на оперативна структура.

По состанокот беше формирана оперативна структура со избор на модератор од листата на сертифицирани модератори, Саша Максимовски и за ко-модератор беше назначена Лидија Митовска од редот на општинската администрација. Исто така беше формирана оперативна група со вклучување на лица од општинска администрација, НВО и бизнис сектор составена од 7 члена ( табела со податоци за ОГ во прилог).

По формирањето на оперативната структура беше изготвен календар на активности вклучително и распоред на форумски сесии по што беа отпочнати активности за организација на првата форумска сесија.

Подготовките подразбираат определување на соодветна просторија при што беше одлучено дека салата на советот е нај соодветна просторија по капацитет, достапност и опременост.

Понатаму беа отпочнати активности за подготовка на матријали за сесии, перезентации, покани дневен ред и др.

При информирање и мобилизација на граѓаните за форумските сесии беа користени објави на сецијални медиуми и општинска веб страна, дистрибуција на покани, известувања по пат на електронска пошта до граѓани од разни целни групи за кои општината располага со бази на податоци како НВО, бизнис сектор, институции и слично. Исто така за информирање беа користени бази на податоци на граѓани кои претходно учествувале на исти или слични настани кои беа контактирани по пат на телефонски повици.

### *1.1.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите*

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесиии(како течеше мобилизацијата на граѓани, дали и какви состаноци се одржани во ЕЛС и други релевантни чинители).*

*- Средби на работните групи помеѓу сесии, број и структура на работната група (пол, етничка припадност и од кои работни маси доаѓаат), број на состаноци цел/и и заклучоци, учесници.*

*- Средби на ОГ групи (број на состаноци, цел/и, заклучоци, учесници).*

*- Останати важни средби (општинска администрација, експерти, општински координатор, модератор, комодератор и сл., број на состаноци, цел/и, заклучоци, учесници).*

Во текот на периодот за известување беа одржани вкупно 4 работилници и 11 поединечни средби/консултации поврзани со форумските сесии и подготовки за истите.

- Работилница-I за развој на предлог концепти одржана на 03.03.2023 г. Вкупно: 22 граѓани Мажи: 4 Жени: 18
- Работилница-II за развој на предлог проекти, одржана на 15.03.2023 г. Вкупно: 15 граѓани Мажи: 4 Жени: 11

- поединечни средби со работни групи за развој на предлог проекти, вкупно 9

- Работилница-III за изработка на предлог проект и презентација, одржана на 10.04.2023 г. Вкупно: 7 граѓани Мажи: 3 Жени: 4

- поединечни средби со работни групи за изработка на предлог проекти и презентација, вкупно 3

- Работилница IV- за пополнување на образец за Апликација за проект „Подобрена спортска понуда за поголем број на туристи" изградба на ПАМП патека, одобрена од страна на форумот одржан на 05.05.2023г., одржана на 08.05.2023
  Вкупно: 7 граѓани Мажи: 2 Жени: 4.

***Преглед на профилот на членови на ОГ***

| Општина<br>Крива Паланка | Број на членови на ОГ | Број на мажи | Број на жени | Етничка застапеност (малцинства) |
|---|---|---|---|---|
| | 7 | 2 – 28,6 (%) | 5 - 71,4 (%) | 0 (%) |
| Профил или сектори од кои членовите доаѓаат:<br>Невладин сектор<br>Бизнис сектор<br>Општинска администрација | | | | |

**1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ***(за секоја форумска сесија посебно)*

*Опишете го текот на форумските сесии и нејзините постигнувања врз основа на дневниот ред по сесија:*

*- Број на сесија, место и време на сесијата;*

*- Број на учесници и нивна структура (вкупно, мажи-жени, претставници на етнички заедници);*

Во рамки на проектниот форум одржан во општина Крива Паланка беа одржани 4 сесии ( прилог : Дневен ред од сесија 1, 2, 3 и 4. )
24.02.2023г.
10.03.2023г.
31.03.2023г.
05.05.2023г., сите сесии беа одржани со почеток од 12:30 часот во просториите на Салата на советот на општина Крива Планка.
За организирање на форумските сесии беше формирана оперативна група составена од 7 члена ( табела со податоци за ОГ во прилог)

- *Краток опис за текот на сесијата:*
*/ главни точки надневниот ред /главни цели на сесијата;*

**Сесија 1** Цели : Вовед во форумски процес, избор на приоритетна тема, распределба по работни маси, дефинирање на проблеми и вовед во изработка на концепти за предлог проект.

Дневен ред

- Пристигање и регистрација на учесниците
- Добредојде на присутните и вовед во програмата
- Воведни обраќања
- Презентација на Форумскиот процес (цели, активности, резултати)
- Презентација и дискусија за форумските теми и избор на приоритетна тема
- Усвојување на структура на форумот (распределување по работни маси)

Пауза

- Утврдување на начела за работа
- Идентификација и дефинирање на проблеми - групирање
- Дискусија за предлог решенија, проектни идеи и препораки
- Презентација на форматот за Концептот на предлог проект
- Формирање на работна група за анализа во областа на темата на форумот и одредување термин за следна сесија.

**Сесија 2** Цели : Презентација, дискусија и прифаќање на концепти. Дооформување на работните групи за развивање на предлог проекти и презентација на образец за предлог проект.

Дневен ред

- Добредојде на присутните, претставување на дневниот ред и целите на втората форумска сесија
- Информација од работна група
- Концепт (1) Реконструкција/Изградаба на автентична традиционална паланечка куќа во функција на зголемување на туристичката понуда – презентација
- Дискусија и прифаќање на концептот од страна на форумот
- Концепт (2) Формирање на туристички информативен центар со виртуелна мапа и е-промоција на туристичкиот потенцијал – презентација
- Дискусија и прифаќање на концептот од страна на форумот
- Концепт (3) Поставување на хибридни фотоволтаични системи за обезбедување на енергија за спортска сала – презентација
- Дискусија и прифаќање на концептот од страна на форумот
- Концепт (4) Партерно уредување на локалаитет за ,,невестинско поклонение,, кај црква св.Теодор Тирон с.Конопница – презентација
- Дискусија и прифаќање на концептот од страна на форумот
- Концепт (5) Уредување на туристички локалитет с.Градец (црква, конак, школо, испосница и археолошки) – презентација
- Дискусија и прифаќање на концептот од страна на форумот
- Концепт (6) Набавка на музичко-сценска опрема за организирање на културни настани и урбана опрема на амфитеатар – презентација
- Дискусија и прифаќање на концептот од страна на форумот
- Концепт (7) Уредување на приватни куќи во етно стил за сместување на туристи – презентација
- Концепт (8) Збогатување на туристичката понуда преку изградба на ПУМП патека за велосипеди – презентација
- Концепт (9) Унапредување на туристичката понуда преку изградба на пешачка патека лев брег на Крива Река
- Дискусија и прифаќање на концептот од страна на форумот

Пауза

- Дооформување на работните групи за развивање на предлог проекти
- Презентација на формат за предлог проект
- Одредување на термин за следната сесија
- Оценка на форумската сесија

**Сесија 3** Цели: Презентација дискусија и прифаќање на предлог проектите од страна на форумот и дооформување на работните групи за развивање на предлог проекти.
Дневен ред
- Добредојде на присутните, претставување на дневниот ред и целите на втората форумска сесија
- Информација од работна група
- Предлог проект (1) Реконструкција/Изградаба на автентична традиционална паланечка куќа во функција на зголемување на туристичката понуда – презентација
- Дискусија и прифаќање на предлог проект од страна на форумот
- Предлог проект (2) Формирање на туристички информативен центар со виртуелна мапа и е-промоција на туристичкиот потенцијал – презентација
- Дискусија и прифаќање на предлог проект од страна на форумот
- Предлог проект (3) Поставување на хибридни фотоволтаични системи за обезбедување на енергија за спортска сала – презентација
- Дискусија и прифаќање на концептот од страна на форумот
- Предлог проект (4) Партерно уредување на локалитет за ,,невестинско поклонение,, кај црква св.Теодор Тирон с.Конопница – презентација
- Дискусија и прифаќање на предлог проект од страна на форумот
- Предлог проект (5) Уредување на туристички локалитет с.Градец (црква, конак, школо, испосница и археолошки) – презентација
- Дискусија и прифаќање на предлог проект од страна на форумот
- Предлог проект (6) Набавка на музичко-сценска опрема за организирање на културни настани и урбана опрема на амфитеатар – презентација
- Дискусија и прифаќање на предлог проект од страна на форумот
- Предлог проект (8) Збогатување на туристичката понуда преку изградба на ПУМП патека за велосипеди – презентација
- Предлог проект (9) Унапредување на туристичката понуда преку изградба на пешачка патека лев брег на Крива Река
- Дискусија и прифаќање на предлог проект од страна на форумот
Пауза
- Дооформување на работните групи за развивање на предлог проекти
- Презентација на формат за предлог проект
- Одредување на термин за следната сесија
- Оценка на форумската сесија

**Сесија 4** Цели: Презентација на конечните проекти, одлучување (гласање) за проекти кои ќе се финансираат од буџетот на програмата, доделување на препораки и формирање на работна група за следење на форумските приоритети.
Дневен ред
- Добредојде на присутните и преглед на претходната сесија и работата меѓу сесии
- Претставување на дневниот ред и целите на четвртата форумска сесија
Претставување на начинот на гласање и регулирање на правото на глас/потсетување
- Евиденција на присуство
- Оценка на форумот во заедницата од страна на учесниците
- Обраќање на претставници на работните групи до Форумот ( максимум 10 минути за обраќање по еден предлог проект),
1. Претставник од р.г за подготовка на проектот – ,,Поставување на хибридни фотоволтаични системи за обезбедување на енергија за спортска сала;
2. Претставник од р.г за подготовка на проектот – Набавка на музичко-сценска опрема за организирање на културни настани и урбана опрема на амфитеатар (збогатување и развој на манифестациониот туризам);
3. Претставник од р.г за подготовка на проектот Збогатување на туристичката понуда преку изградба на ПАМП патека за велосипеди
Пауза
- Критериуми за избор на проекти/ потсетување
- Регулирање на право на глас
- Одлучување за проектите (бодување)
- Обраќање на претставник од општината/претставник од донаторот

- Препораки од Форумот до Општина Крива Паланка, следни чекори
- Формирање на работна група за следење на форумските приоритети.
- Затворање на четвртата форумска сесија

*- опис на главните презентации (тема на презентација и презентер);*

**Сесија 1**

- Воведно обраќање на Фисник Шабани – координатор.
- Презентација на Форумскиот процес (цели, активности, резултати), Модератор Саша Максимовски.
- Презентација и дискусија за форумските теми и избор на приоритетна тема, општински координатор, Сашко Додевски.
- Усвојување на структура на форумот (распределување по работни маси), ко-модератор, Лидија Митовска.

Предлози по маси

-Маса животна средина презентер Мира Георгиевска

1.Изградба и подобрување на патна и друга комунална инфраструктура кон Калин Камен.
2.Изградба на сместувачки капацитети и обнова на запуштени планински домови, училишта во функција на туризмот.
3. Афирмација и промоција на културно наследство и природни капацитети од осоговието во развој на туризмот алтернативен, планински, маунт бајк.

-Маса образование презентер Наташа Колевска

1.Реконструкција на патот Крива Паланка-Калин Камен.
2.Да се стават во функција постоечките објекти во склоп на црковниот и училишен комплекс во с. Градец-вода, санитарни јазли, услови за престојување.

-Маса култура презентер Драган Величковски и Жаклина Цветковска

1.Нема организирана форма-институционална за поддршка на туризмот –канцеларија/оддел за туризам, туристичко биро...
2. Нема туристичка платформа за информирање на посетителите
-веб страна, смарт апликација, туристички мапи, навигација.
3.Недостаток на техничка опрема за организација на културните манифестации за туристите.

-Маса социјална заштита презентер Јане Денковски

1.Одговорно лице за развој на туризмот
Информативен туристички центар.
2.Недоволна / никаква искористеност на автентичните историски настани и градби.

-Маса економски развој и туризам презентер Јорданчо Миневски

1.Недостаток на соодветна промоција на туристичкиот потенцијал.
2.Недостаток на алтернативна туристичка содржина.
3. Недостаток на системска соработка помеѓу туристичките оператори ресторани, сместувачки капацитети, туристички агенции.

Маса спорт и млади презентер Грета Величковска

1.Недоволно атрактивни спортско-рекреативни содржини во насока на унапредување и модернизирање на потенцијали на општината со цел да одговорат на потребите на локалните млади а воедно ќе бидат алтернативни за привлекување на туристи-фитнес зони, греење во салите, трибини на стадион , памп трака.
2.Недоволно мапирани и уредени велосипедски и пешачки off-road патеки во и кон туристички локалитети во општината со цел привлекување на туристи.

-Маса општинска администрација презентер Дане Милошевски

1.Недостиг од инфраструктура до постоечките и потенцијални туристички места- патишта, улици и сл.
2.Неизградени објекти-круцијални за туризмот пр. Хидротехнички објекти –Брани.
3.Многу мал маркетинг на постоечките туристички дестинации
-недостиг од менаџерски кадар

-недостиг од организирани тури и водичи
-недостиг од сигнализација.

**Сесија 2**
Работа меѓу сесии , презентација општински координатор Сашко Додевски
Презентации од работни групи
-Концепт (1) Реконструкција/Изградаба на автентична традиционална паланечка куќа во функција на зголемување на туристичката понуда – презентација Мира Георгиевска
-Концепт (2) Формирање на туристички информативен центар со виртуелна мапа и е-промоција на туристичкиот потенцијал – презентација Даниел Анѓеловски
-Концепт (3) Поставување на хибридни фотоволтаични системи за обезбедување на енергија за спортска сала – презентација Грета Величковска
-Концепт (4) Партерно уредување на локалаитет за ,,невестинско поклонение,, кај црква св.Теодор Тирон с.Конопница – презентација Стојанче Величковски
-Концепт (5) Уредување на туристички локалитет с.Градец (црква, конак, школо, испосница и археолошки) – презентација Наталија Милковска
-Концепт (6) Набавка на музичко-сценска опрема за организирање на културни настани и урбана опрема на амфитеатар – презентација Драган Величковски
-Концепт (7) Уредување на приватни куќи во етно стил за сместување на туристи – презентација Мира Георгиевска
-Концепт (8) Збогатување на туристичката понуда преку изградба на ПУМП патека за велосипеди – презентација Грета Величковска
-Концепт (9) Унапредување на туристичката понуда преку изградба на пешачка патека лев брег на Крива Река Зорица Ристовска

**Сесија 3**
Работа меѓу сесии , презентација општински координатор Сашко Додевски
Презентации од работни групи
-Предлог проект (1) Реконструкција/Изградаба на автентична традиционална паланечка куќа во функција на зголемување на туристичката понуда – презентација Мира Георгиевска.
-Предлог проект (2) Формирање на туристички информативен центар со виртуелна мапа и е-промоција на туристичкиот потенцијал – презентација Даниел Анѓеловски.
-Предлог проект (3) Поставување на хибридни фотоволтаични системи за обезбедување на енергија за спортска сала – презентација Грета Величковска.
-Предлог проект (4) Уредување на туристички локалитет с.Градец (црква, конак, школо, испосница и археолошки) – презентација Наталија Милковска.
-Предлог проект (5) Набавка на музичко-сценска опрема за организирање на културни настани и урбана опрема на амфитеатар – презентација Драган Величковски.
-Предлог проект (6) Збогатување на туристичката понуда преку изградба на ПАМП патека за велосипеди – презентација Грета Величковска.
-Предлог проект (7) Унапредување на туристичката понуда преку изградба на пешачка патека лев брег на Крива Река Зорица Ристовска.

**Сесија 4**
Сесијата ја отвора и ја води модераторот Саша Максимовски.
Презентација на правилата за избор, ко-модератор Лидија Митовска.
Обраќања до форумот
1. Претставник од р.г за подготовка на проектот Сара Ѓорѓиевска – ,,Поставување на хибридни фотоволтаични системи за обезбедување на енергија за спортска сала;
2. Претставник од р.г за подготовка на проектот Драган Величковски – Набавка на музичко-сценска опрема за организирање на културни настани и урбана опрема на амфитеатар (збогатување и развој на манифестациониот туризам);
3. Претставник од р.г за подготовка на проектот Димитар Петровски, Збогатување на туристичката понуда преку изградба на ПАМП патека за велосипеди;

*- опис на главните дискусии*
*/ број на дискусиии дискутанти (колку жени, колку лица припадници одетничките заедници дискутираати сектори од кои доаѓаат дискутантите)*
*/опис и содржина на дискусијата (конкретното прашање или коментар по одреден проблем, конкретната идеја или предлог).*

-Маса животна средина дискутира за предлози Мира Георгиевска
1.Изградба и подобрување на патна и друга комунална инфраструктура кон Калин Камен.
2.Изградба на сместувачки капацитети и обнова на запуштени планински домови, училишта во функција на туризмот.
3. Афирмација и промоција на културно наследство и природни капацитети од осоговието во развој на туризмот алтернативен, планински, маунт бајк.

-Маса образование дискутира за предлози Наташа Колевска
1.Реконструкција на патот Крива Паланка-Калин Камен.
2.Да се стават во функција постоечките објекти во склоп на црковниот и училишен комплекс во с. Градец-вода, санитарни јазли, услови за престојување.

-Маса култура дискутира за предлози Драган Величковски и Жаклина Цветковска
1.Нема организирана форма-институционална за поддршка на туризмот –канцеларија/оддел за туризам, туристичко биро...
2. Нема туристичка платформа за информирање на посетителите
-веб страна, смарт апликација, туристички мапи, навигација.
3.Недостаток на техничка опрема за организација на културните манифестации за туристите.

-Маса социјална заштита дискутира за предлози Јане Денковски
1.Одговорно лице за развој на туризмот
Информативен туристички центар.
2.Недоволна / никаква искористеност на автентичните историски настани и градби.
-Маса економски развој и туризам презентер Јорданчо Миневски
1.Недостаток на соодветна промоција на туристичкиот потенцијал.
2.Недостаток на алтернативна туристичка содржина.
3. Недостаток на системска соработка помеѓу туристичките оператори ресторани, сместувачки капацитети, туристички агенции.

Маса спорт и млади дискутира за предлози Грета Величковска
1.Недоволно атрактивни спортско-рекреативни содржини во насока на унапредување и модернизирање на потенцијали на општината со цел да одговорат на потребите на локалните млади а воедно ќе бидат алтернативни за привлекување на туристи-фитнес зони, греење во салите, трибини на стадион , памп трака.
2.Недоволно мапирани и уредени велосипедски и пешачки off-road патеки во и кон туристички локалитети во општината со цел привлекување на туристи.

-Маса општинска администрација дискутира за предлози Дане Милошевски
1.Недостиг од инфраструктура до постоечките и потенцијални туристички места- патишта, улици и сл.
2.Неизградени објекти-круцијални за туризмот пр. Хидротехнички објекти –Брани.
3.Многу мал маркетинг на постоечките туристички дестинации
-недостиг од менаџерски кадар
-недостиг од организирани тури и водичи
-недостиг од сигнализација.

***Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност***

| Општина | Крива Паланка | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Официјални податоци** | **Број на жители** | 18.877 | **мажи/жени** | 9.815/9.062 |
| **Сесија** | **Број на учесници на** | **Мажи / жени** | **Број на учесници на** | **Мажи / жени** |

| | форумска сесија | | работни маси | |
|---|---|---|---|---|
| *Прва* | 56 | 36 (%) /64 (%) | 47 | 36(%) / 64 (%) |
| *Втора* | 65 | 43 (%) / 57(%) | 56 | 45(%) / 55 (%) |
| *Трета* | [redacted] | 42(%) / 58 (%) | 48 | 44 (%) / 56 (%) |
| *Четврта* | 53 | 42(%) / 58(%) | 44 | 44(%) /56 (%) |
| ***Просек*** | **57,7** | **40,75 (%) / 59,25 (%)** | **48,75** | **42,25 (%) / 57,75 (%)** |

***Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително етничка застапеност***

| Општина | | Крива Паланка | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Етничка застапеност** | | **Учесници на форумска сесија** | | | | **Учесници на работни маси** | | | |
| **Офи.под а.** | **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **1** | **2** | **3** | **4** |
| 92.5 (%) | Македонци | 100 (%) | 100 (%) | 100 (%) | 100 (%) | 100 (%) | 100 (%) | 100 (%) | 100 (%) |
| 0.04 (%) | Албанци | (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) |
| 0.03 (%) | Турци | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) |
| 2.4 (%) | Роми | (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) |
| 0.03 (%) | Власи | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) |
| 0.4 (%) | Срби | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) |
| 0.01 (%) | Бошњаци | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) |
| 0.05 (%) | Други | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) |

## 2. ПРОБЛЕМИ И РЕШЕНИЈА?

Со каков вид проблеми и тешкотии се соочувавте во спроведувањето?
Што преземавте за надминување на тешкотиите, кој беше вклучен во решавањето на проблемот, и сл.

Во текот на реализацијата на форумскиот процес во Крива Паланка генералната оценка е дека немаше проблеми и потешкотии кои што незначителнио, значително или целосно можеа да го загрозат процесот.

Единствен предизвик со кој се соочивме беше при организирањето на четвртата форумска сесија закажана за 28.04.2023г., при што при потсетувањето на учесниците за терминот на одржување на форумот значителен број од учесниците од разни причини не го потврдија присуството со што постоеше определен ризик од немање на кворум за успешно и кредибилно одржување на сесијата. Поради тие причини а по претходни консултации со сите релевантни чинители сесијата беше одложена за 05.05.2023г.

## 3. РЕЗИМЕ

Накратко наведете ги резултатите од форумот, приоритетни проекти, препораките и следнитепланирани активности поврзани со форумот:

Предлог проекти предложени за гласање на сесија IV.
1. Збогатување на туристичката понуда преку изградба на ПАМП патека за велосипеди;
2. Набавка на музичко-сценска опрема за организирање на културни настани и урбана опрема на амфитеатар (збогатување и развој на манифестациониот туризам);
3. Поставување на хибридни фотоволтаични системи за обезбедување на енергија за спортска сала;

Сите предлози од форумот како форумски приоритети во вид на препораки ги предаваме на општината да ги има предвид при своите идни оперативни планирања и работа.
- Формирање на туристички информативен центар –реконструкција на постоечки општински објекти и дигитална промоција.
- Доизградба на патека бабаин дол.
- Уредување на туристичко рекреативна патека - лев брег.
- Да се идентификуваат и проактивираат веќе постоечките туристички места со цел да се зголеми туристичката посетеност на истите – мапирање.
- Обнова на локалитето Влашки Колиби.
- Изнајмување и уредување во етно стил на приватни постојни куќи во селата Б с , Крклја, Варовиште, Градец.
- Партнерно уредување за Невестинско поклонение во црква Св. Теодор Тирон во с. Конопница.
-Да се изградат санитарни јазли во склоп на црковниот комплекс, училиште во село Градец.
- Изградба на водоводна инфраструктура.
-Опремување на сместувачки капацитети – за истиот локалитет с. Градец.
- Изработка на веб страница и смарт апликации за навигација на пр. Мобилна апликација, е-мапа и одржување и ажурирање на веб страната.
- Отворање на туристички и информативен центар со јавно приватно партнерство.
- Внесување на туристичките потенцијали на GOOGLE MAPS.
- Спонзорирање на линкови на социјалните мрежи за постоечките промотивни производи.
- Воспоставување на регионална интегрирана туристичка понуда.
- Реконструкција на автентична стара паланечка куќа.
- Адаптација и ставање во функција на постоечки објекти-караула с. Црцорија.

Место, ден, месец, година
Крива Паланка 22.05.2023г.
Општински координатор Сашко Додевски

Модератор Саша Максимовски

Одговорни лица

**Прилози**_(соодветно именувани и спакувани во фолдер):_
- _Списоци на учество;_
- _Записници од форумски сесии;_
- _Листа на приоритетни проекти и препораки;_
- _Пополнета табела за бодување на проекти_
- _Фотографии;_
- _Евиденција на медиумски активности (линкови, објави и сл.)_
- _Предлог проекти, вклучително и избран приоритетен проект/ии детален буџет на проект_
- _CEDRIG - Матрица за проценка на ризиците за климата, животната средина и катастрофи_